Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на деп дневните настани 30.10.2022

На 30.10.2022 во 00.50 часот на подрачјето на Кисела Вода, од полициски службеници од Полициската станица Кисела бин лишен од слобода О.С.(28) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. До документарање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.10.2022 во 23.35 часот на подрачјето на Аеродром, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода С.М.(20) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. До документарање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.10.2022 во 21.15 часот на подрачјето на Центар, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода М.А.(20) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. До документарање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.10.2022 во 16.00 часот било пријавено дека на патот Велес-с.Дорутовец на тесно викано "Трпезиќ" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "рено клио" со велешки регистарски ознаки, управувано од Ј.С.(59) од с.Дорутовец и мопед "помос"со регистарски ознаки од Свети Николе, управуван од А.С.(79) од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на мопедот, констатирани во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 29/30.10.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Штип е спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 20 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготовени им биле прекршочни платни налози

На 29.10.2022 во 09.50 часот било пријавено дека на автопат Скопје–Куманово, пред наплатна станица Миладиновци, патничко моторно возило "пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Б.(52) од Скопје, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатникот Л.И.(77), Б.И.(81) и М.Д.(75) сите од Скопје, а со телесни повреди се здобила Б.Б. констатирани во Градска општа болница "8-ми Септември" и Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

По претходно добиени оперативни сознанија и преземени мерки и активности, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Штип го лишиле од слобода А.С.(32) од Штип поради постојните основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по чл.215 од Кривичниот законик. На 28.10.2022 по добиена судска наредба полициските службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на осомничеников и во неговото патничко моторно возило „БМВ", при што биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја, пари, мобилен телефон. По целосно документирање на случајот против А.С. ќе биде поднесена кривична пријава до надлежното обвинителство.

Вчеравечер (29/30 октомври) од 22 до 4 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило, а се под дејство на алкохол.При контролата санкционирани биле вкупно 19 возачи (ТЕ-14 и ГВ-5), кај кои било утврдено присуство на алкохол.На сите возачи-прекршители изготвени им се подносоци и исклучени се од сообраќај. Во акциската контрола, исто така, биле санкционирани и 15 други видови сообраќајни прекршоци

На 29.10.2022 во 18.30 часот било пријавено дека на локалниот пат Скопје–Зелениково атар на с.Орешани товарно моторно возило "citroen дампер" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.И.(40) од Скопје, удрило во Н.З.(68) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Н.З., констатирана во Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.10.2022 во 12.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари U.C.(39) од Скопје пријавила дека на ул."Индира Ганди" незаконит малолетен син бил каснат од куќе скитник.

На 30.10.2022 во периодот од 00.00 до 03.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола- ОВР Прилеп извршена е контрола во угостителски објекти во Прилеп, при што затекнати се 24 малолетни лица, а седум малолетници биле под дејство на алкохол. Малолетниците се предадени на нивните родители, а по документирање на случаите, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.10.2022 во 12.00 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Чаирска" на објект за авто-делови, сопственост на С.А.(39) од Скопје, настанал пожар. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита-Скопје пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на вчерашната вечер (29./30.10.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 137 возачи. Од нив 28 на територија на СВР Скопје, 20 на територија на СВР Штип, 19 на територија на СВР Тетово...

На 29.10.2022 во 13.30 часот било пријавено дека во с.Глуво-скопско И.С.(30) движејќи се во двор од куќа со патничко моторно возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, удрила во нејзиниот свекор Б.С.(84), кој починал на местото на настанот. Во несреќата на лице од Итна медицинска помош констатирана била смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било предадено во Судска медицина за одјавување.

На 29.10.2022 во 12.40 часот во Полициската станица Берово, од Итна медицинска помош било пријавено дека се с.Митрашинци се повреди добиени при превртување на трактор бил донесен Г.Л.(27), при што се страна на лекар во Здравствениот дом во Берово констатирани била смрт. Според пријавеното, на место викано „Застребов рид", атар на с.Митрашинци, Г.Л. управувал трактор со приколка во која превозувал дрва, но изгубил контрола и тракторот и приколката се превртеле. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 29.10.2022 во 08.30 часот било пријавено дека во с.Чегране-гостиварско по претходна расправија дошло до меѓусебна физичка пресметка помеѓу Р.А.(60) и С.Ц.(65) двајцата од с.Чегране. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.10.2022 во 02.15 часот било пријавено дека во Тетово на кружната крстосница од бул."Маршал Тито" патничко моторно возило "фолксваген поло" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.М.(28) од Тетово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.М. констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 30.10.2022 во 01.00 часот Е.А.(49) од Скопје пријавила дека на 29.10.2022 околу 22.00 часот во Градскиот парк во близина на Школка, незаконит малолетен син бил физички нападнат од неколку лица, а бил удрен и со стаклен предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 14.00 часот на подрачјето на Гази Баба од полициски службеници од Полициската станица Гази Баба бил лишен од слобода Н.О.(71) од Скопје поради тоа што околу 12.00 часот во с.Синетиќ-скопско по претходно недорасправање упатувал закани со секира кон И.Р.(52) од с.Синетиќ. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.10.2022 во 12.30 часот Ш.Б.(36) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари по претходно недорасправање бил физички нападнат од неговиот чичко Б.Б.(61) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 10.00 часот А.Д.(41) од Куманово пријавил дека на 28.10.2022 околу 15.00 часот во двор од основно училиште во Куманово неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг ученик. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 10.50 часот Љ.Ц.(63) од Куманово пријавил дека во Куманово по претходно недорасправање бил физички нападнат од Л.К.(69) од Куманово. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.10.2022 во 00.05 часот во Битола од страна на полициски службеници од СВР Битола биле лишени од слобода С.В.(51) и Д.В.(23), двајцата од Битола поради тоа што спречувале полициски службеници во извршување на службени дејствија. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.10.2022 во 01.00 часот А.Т.(40) од с.Долно Оризари-битолско пријавила дека на 29.10.2022 околу 22.00 часот во Битола незаконит малолетен син бил физички нападнат од четворица малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 20.00 часот А.И.(20) од Прилеп пријавил дека околу 19.00 часот пред с.Тополчани бил физички нападнат од В.К. и П.К. двајцата од с.Сопотница-демирхисарско. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.10.2022 во 00.25 часот И.Ј.(40) од Струмица пријавил дека на 22.10.2022 околу 23.00 часот во угостителски објект во Струмица неговата керка била физички нападната од А.Т.-Потоа, на 30.10.2022 околу 03.30 часот било пријавено дека околу 03.00 часот во Струмица И.Ј. и уште три лица биле физички нападнати од повеќе лица, меѓу кои биле и А.Т. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 21.00 часот Л.П.(35) од Струмица пријавил дека во с.Муртино-струмичко, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.10.2022 во 02.30 часот А.Д.(34) од Велес пријавил дека во Велес во угостителски објект по претходно недорасправање бил физички нападнат од едно лице од обезбедувањето. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 19.50 часот, полициски службеници од СВР Охрид, на улицата „Стив Наумов" затекнале нежиносно огревно дрво во товарно возило „фолксваген транспортер" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.Т.(34) од селото Мешеишта, општина Дебрца. Од извршената контрола, констатирано е дека се работи за околу 7 метри просторни нежиносно дабово огревно дрво што, злепатило се транспортирани и доставени до С.А.(44) од Охрид. Државата маса и товарното возило се одземени и предадени на претставник на Шумската полиција за понатамошна постапка по што, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29/30.10.2022 од 22.00 до 04.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници санкционирале 10 возачи кои управуваат моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-03, Струга-01, Кичево-06). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 29.10.2022 околу 19.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од ОВР Кичево, извршиле претрес во домот на М.А.(34) од кичевското село Зајас. Притоа, пронајдени и одземени се предмети со остатоци од бела прашкаста материја, 4 куршуми различен калибар, 6 најлонски паковки со марихуана, од кои 5 се пронајдени во раширани патнички автомобили „мерцедес" и „опел астра", како и разни предмети. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.10.2022 во 09.20 часот од полициски службеници од Одделението за недозволена трговија при СВР Куманово по претходна наредба да Основен суд Куманово бил извршен претрес во домот на Г.М.(41) од Куманово при што биле пронајдени и одземени куршуми за сигнален пиштол и ловечка пушка. Одземените предмети биле без соодветна дозвола за поседување. То) бил преведен во полициска станица, известен бил Јавен обвинител и по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.10.2022 во 17.00 часот било пријавено дека во периодот од 27.10. до 29.10.2022 непознати сторители со употреба на соодветен алат од Градскиот стадион „Гоце Делчев" во Прилеп односно од трансформаторот одделе 40 парчиња кабел со должина од околу 30 тина метри. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.10.2022 во 01.35 часот било пријавено дека во Кавадарци по претходна расправија дошло до меѓусебна пресметка помеѓу З.К.(49) од една страна и М.С.(55) и П.С.(26) од друга страна, сите од Кавадарци, при што З.К. со остар предмет му навел повреди на М.С. Потоа тој бил пренесен во Општата болница во Кавадарци за укажување на лекарска помош. З.К. и П.С. се лишени од слобода и се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 15.05 часот во СВР Куманово од Општата болница во Куманово било пријавено дека кај нив со возило на Итна медицинска помош од Липково бил донесен Н.С.(54) од с.Отиња, кој имал повреди по телото. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2022 во 21.15 часот во СВР Струмица, В.М.(26) од с.Владевци пријавил дека од домот се одалечил неговиот брат В.М.(31), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив со член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 ФАКС: (0)2311246 8 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет